# „‚Понижен е, понижен е, понижен е!‘ Прашале: ‚Кој, о Аллахов пратенику?‘ Одговорил: ‚Оној кој ќе ја дочека староста на своите родители, едниот или обајцата, и покрај тоа нема да влезе во Џенетот.‘“

Од Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „‚Понижен е, понижен е, понижен е!‘ Прашале: ‚Кој, о Аллахов пратенику?‘ Одговорил: ‚Оној кој ќе ја дочека староста на своите родители, едниот или обајцата, и покрај тоа нема да влезе во Џенетот.‘“
[صحيح] [رواه مسلم]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, направи дова да биде понижен и посрамотен, опишувајќи го тоа како да го ставил својот нос во прашина – и го повтори тоа трипати. Па бил прашан: „О Аллахов пратенику, за кого направи таква дова?“ Тој одговори: За оној кој ќе ја дочека староста на своите родители – едниот или обајцата – а тие не бидат причина за неговиот влез во Џенетот, поради неговото непочитување и непослушност кон нив.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee